**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1103-628/5**

**Скопје, 27.11.2006 година**

**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ЈУЖНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ КУЛТУРИ СТРУМИЦА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Универзитет „Св Кирил и Методиј“ – Скопје, ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури Струмица - Сметка за средства од Буџетот на РМ, за 2005 година, кои се прикажани на страните 6 до 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Универзитет „Св Кирил и Методиј“ – Скопје, ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури Струмица - Сметка за средства од Буџетот на РМ, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Д-р Саша Митрев, Директор

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 18.09.2006 до 27.10.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 20.11.2006 година со писмо број 1104-628/4 доставени се забелешки по Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и констатирано е следното:

   - Забелешките по точките 10.1, 10.2, 10.3 и 10.4.2 претставуваат образложенија за утврдените состојби и планирани активности за прифаќање на препораките дадени од страна на ревизијата заради што наодите остануваат непроменети во Конечниот извештај.
   - Забелешката по точката 10.1.4 алинеја 1 делумно се прифаќа и наодот ќе биде изменет во Конечниот извештај

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Неправилна примена на акти

11.1.1. Во спротивност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, како и на барање на ревизијата, одговорните лица во ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури не ги доставија завршните сметки за 2005 година до Државниот завод за ревизија. Ваквата состојба доведува до намалување на можноста за реално оценување на големината на субјектот и обемот на негово работење што го оневозможува планирањето на ревизијата.

11.1.2. Спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници финансиските извештаи на ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури не даваат точен, вистинит и целосен преглед на состојбата на повеќе позиции. Ревизијата утврди неусогласеност на главната книга со финансискиот извештај - Биланс на состојба кај ставките: материјални средства, побарувања, залихи, тековни обврски и деловен фонд. Поради ова се јавуваат големи разлики во состојбите на активата и пасивата помеѓу главната книга и завршната сметка, а во исто време активата и пасивата во доставената завршна сметка не се усогласени. Вака доставените финансиски извештаи кои содржат нереални и необјективни податоци ги оневозможува надлежните органи да вршат реално планирање и извршување на средствата од Буџетот како и да донесуваат правилни деловни одлуки за други цели.-Прилог 1 даден како дополнување на

финансиските извештаи заради добивање на појасна слика за утврдените состојби .

**Препораки и мерки:**

1. Во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, почнувајќи од 2007 година, Институтот за јужни земјоделски култури да започне со редовно доставување на завршните сметки до Државниот завод за ревизија
2. Изготвувањето на финансиските извештаи од страна на одговорните сметководители да се врши со должно внимание и стручност. Веруваме дека само на тој начин е можно финансиските извештаи да содржат реални и објективни податоци кои во целост ќе одговараат на финансиската евиденција.

.

### 11.2. Неправилна примена на сметководствените политики и начела:

11.2.1. Не е запазено начелото на парично искажување на приходите и расходите согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници според кое приходите и расходите треба да се книжат во моментот на прилив или одлив на средства од жиро сметката на субјектот. Неприменувањето на наведеното начело има за последица нереално и необјективно прикажување на приходите трансферирани од буџетот на Министерството за образование и наука, како и направените расходи во текот на годината и како такви не претставуваат реална основа за донесување на деловни одлуки од страна на раководството.

**Препораки и мерки:**

1. Институтот за јужни земјоделски култури сметководствената евиденција да ја устрои врз основа на буџетското начело за парично искажување и тоа не само на крајот од годината туку и за времетраењето на пресметковниот период. На тој начин финансиската евиденција реално и објективно ќе ја прикажува финаниската состојба на институтот во текот на целата година.

### 11.3. Неправилности во искажување на билансните позиции

11.3.1. Ставката Материјални средства во Билансот на состојба е нереално и необјективно прикажана поради грешки при книговодственото евидентирање на:

- набавката на стручна литература во висина од 164 илјади денари. Оваа набавка е евидентирана на ставката Ситен инвентар која е преценета за горенаведениот износ. Согласно Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници стручната литература влегува во групата на постојани средства и треба да биде евидентирана на ставката материјални средства која е потценета за истиот износ.
- набавен канцелариски мебел во текот на 2000 и 2001 година кој што е погрешно евидентиран на позицијата Ситен инвентар. Канцеларискиот мебел согласно Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници влегува во групата на постојани средства и како таков требало да биде евидентиран на ставката материјални средства. која што е

потценета за вредноста на погрешно евидентираните средства. Најголемиот дел од почетното салдо на ставката Ситен инвентар во висина од 449 илјади денари се јавува како резултат на оваа грешка.
- пресметаната амортизација на материјалните средства не е евидентирана на оваа сметка што е во спротивност со Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници. На овој начин извршено е преценување на вредноста на материјалните средства евидентирани на буџетската сметка. Ревизијата не беше во можност да изврши квантификација на повеке евидентираната амортизација заради неправилна алокација на набавките на материјални средства од соодветната жиро сметка.

**Препораки и мерки:**

1. Правилно разграничување помеѓу ситниот инвентар и материјалните средства кои подлежат на амортизација согласно Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Да се извршат соодветните корекции на погрешно прокнижените материјални средства како ситен инвентар. Заради поедноставување на евиденцијата и намалување на можностите за погрешно евидентирање на амортизацијата по сметки ревизијата предлага материјалните средства што се евидентирани на Сметката за приходи од самофинансирачки активности да се воведат во евиденција на Сметката за средства од буџетот со што ке се обезбеди единствена евиденција на материјалните средства.

## 11.4. Ненаменско и незаконско користење на средствата

11.4.1. Ревизијата утврди ненаменско и незаконско користење на средства спротивно на Законот за извршување на буџетот за 2005 година заради следното:

- не се врши одбивање на надоместокот за хранарина и превоз за деновите кога вработените се наоѓаат на службен пат согласно Законот за извршување на буџетот туку истото се врши преку намалување на дневниците за службен пат што има за ефект нереално прикажување на расходите на соодветните ставки;
- исплатени школарини за постдипломски студии и нострификација на дипломи во висина од 114 илјади денари на неколку лица кои не се наоѓаат во редовен работен однос односно работат по договор на дело спротивно на Правилникот за научно и стручно образование и усовршување на научни работници и соработници во Јавната научна установа Институт за јужни земјоделски култури Струмица.

11.4.2. Институтот за јужно земјоделски култури во 2005 година не спровел постапка за јавна набавка од мала вредност спротивно на Законот за јавни набавки член 72 став 1 без да обезбеди најмалку три понуди за вкупен износ од 297 илјади денари и тоа во следниве случаи:

- Извршена набавка на авионски карти преку агенциите Феријал Кашиков и Атлантис во вкупен износ од 127 илјади денари и
- Извршена набавка на нафта за греење преку фирмата Бобо Комерц во износ од 170 илјади денари.

Непочитувањето на Законот за јавни набавки може да има за последица злоупотреба на државните средства, нелојална конкуренција и необезбедена транспарентност и јавност на постапката.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во Институтот за јужни земјоделски култури да обезбедат одбивањето на надоместокот за хранарина и превоз за деновите кога вработените се на службен пат да се врши при исплатата на овие надоместоци, а не од надоместкот за дневница за службено патување, како и финансирање на трошоците за школарина за постдипломци кои не се вработени во Институтот.
2. Да се обезбеди спроведување на постапки за избор на најповолен добавувач кои што ке бидат транспарентни и јавни и кои ке обезбедат фер конкуренција и набавка по најниски цени.

12. Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 11.1 до 11.3 е нереално и необјективно прикажување на финансискиот извештај Биланс на состојба и во точката 11.4. е ненеменско и незаконско користење на средства во износ од 411 иљади денари.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.1.2. ние не изразуваме мислење за вистинитоста и објективноста на Билансот на состојба на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури Струмица на ден 31.Декември.2005 година. Резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е во согласност со важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.4. кај Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, ЈНУ Институт за јужни земјоделски култури Струмица-Сметка за средства од Буџетот на РМ не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 22.11.2006 година** **Овластен државен ревизор**

**Универзитет“Св.Кирил и Методиј“- Скопје**
**Институт за јужни земјоделски култури Струмица**

**Средства од буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 7,915 | 6,785 |
| **Вкупно приходи** | **7,915** | **6,785** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 4,593 | 4,625 |
| Стоки и услуги | 2,587 | 1,744 |
| **Вкупно тековни расходи** | **7,180** | **6,369** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 735 | 416 |
| **Вкупно капитални расходи** | **735** | **416** |
| **Вкупно расходи** | **7,915** | **6,785** |

**Универзитет“Св.Кирил и Методиј“- Скопје**
**Институт за јужни земјоделски култури Струмица**

**Средства од буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

*во 000 денари*

| Опис на позицијата | 2005 | 2,004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања | 8,077 | 6,778 |
| Активни временски разграничувања | 161 | 0 |
| Залихи | 166 | 30 |
| **Вкупно тековни средства** | **8,243** | **6,808** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 559 | 387 |
| **Вкупно постојани средства** | **559** | **387** |
| **Вкупна актива** | **8,802** | **7,195** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 3,057 | 1,959 |
| Обврски спрема државата и други институции | 40 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4,980 | 4,821 |
| **Вкупно тековни обврски** | **8,077** | **6,780** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 725 | 415 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **725** | **415** |
| **Вкупна пасива** | **8,802** | **7,195** |

**Универзитет“Св.Кирил и Методиј“- Скопје**
**Институт за јужни земјоделски култури Струмица**
**Средства од буџетот на РМ**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **1,299** | **-** | **1,299** |
| **Зголемување по основ на:** | **560** | **166** | **726** |
| Набавки | 560 | 166 | **726** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | - | | **-** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **1,859** | **166** | **2,025** |